**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Второто продолжение на Сто и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јули 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Стојан Андов, Ристана Лалчевска, Аднан Ќахил, Ванчо Ѓорѓиев, Рафет Муминовиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска Цветанова, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Предлагач на осмата точка од дневниот ред е Комитетот за односи меѓу заедниците.

**Минуваме на точката 8 - Мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците за Стратегијата за Ромите во Република Македонија.**

Мислењето на Комитетот ви е доставено.

Ве известувам дека согласно амандманот 12, точка 1, став 5 на Уставот на Република Македонија, Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот на односи меѓу заедниците и да донесе одлука во врска со нив.

Отворам претрес по Мислењето на Комитетот за Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Господине Рустеми, повелете, имате збор.

**Ејуп Рустеми:** Ви благодарам господине претседател.

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, Комитетот за односи меѓу заедниците на Осмата седница во февруари оваа година донесе Програма за работа за 2005 година и покрај другите активности што ќе се разгледуваат во Комитетот, беше предвидено да се разгледа и Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

Друг мотив кој исто така беше значаен, зошто ја разгледавме Стратегијата за Ромите на Комитетот за односи меѓу заедниците е и фактот што во самата Стратегија, на страница 17, е спомнат и Комитетот за односи меѓу заедниците, како категорија каде сите етнички заедници се учесници и можат да дадат свое мислење, со што имаат можност за донесување на значајни политички одлуки.

Тргнувајќи од овој факт, Комитетот се јавува и како значаен субјект и како еден од носителите на натамошните процеси на операционализација и имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија. Имајќи го предвид и самото значење на Стратегијата за Ромите во Република Македонија, посебно значењето за самата ромска етничка заедница во Република Македонија, Комитетот за односи меѓу заедниците, освен своите членови, покани и претставници на невладини здруженија да учествуваат во дискусијата за Стратегијата за Ромите во Република Македонија, при што имавме чест во работата на Комитетот да учествуваат и претставници на други четири невладини организации на етничката заедница на Ромите, кои беа претставени од Скопје, Тетово и Куманово, како и претставници, односно самиот претставник на Предлог-Стратегијата, односно претставникот на Министерството за труд и социјална политика. Се радувам што сите учесници, при разгледувањето на Стратегијата за Ромите во Комитетот за однси меѓу заедниците учествуваа во дискусијата и без резерва ја поддржаа Стратегијата за Ромите, што денес имаме прилика да ја поддржиме со Мислењето што го доставува Комитетот за односи меѓу заедниците, како Парламент на Република Македонија.

Почитувани пратеници, иако не сакам да навлегувам во детално анализирање на оваа Стратегија, сепак, сите ние сме сведоци на моменталната состојба во која се наоѓа оваа ромска етничка заедница во Република Македонија, било во областа на образованието, било во социјалната област, домувањето или здравството. Имајќи предвид дека сите ние овде се ангажираме да имаме едно вистинско мултиетничко општество, не е добро тоа што, за жал, денес се случува во Република Македонија, да имаме една толкава разлика и толкав јаз на различност меѓу етничката заедница на Ромите и сите други етнички заедници.

Имајќи го предвид ова, како прво, би ја поздравил Владата на Република Македонија за изготвувањето на една стратегија за Ромите во Република Македонија, како и Акциониот план кој го има претставено за оваа Деценија на Ромите, што е десетгодишна стратегија или план, а сите ние треба да го дадеме својот придонес за овој Акционен план, односно оваа Стратегија да се имплементира и да не остане само на хартија како мртви букви.

Од оваа причина, би сакал сите ние, Владата на Република Македонија, позицијата и опозицијата, како и пратениците што доаѓаат од една или друга етничка заедница, сите да се ангажираме овој Акционен план да се имплементира во целина. Поаѓајќи од овие начела, и самите ние на седницата на Комитетот за односи меѓу заедниците подготвивме Мислење, што денес го имате пред вас, на секои шест месеци Меѓународната работна група да поднесе извештај, Комитетот за односи меѓу заедниците ќе ги разгледува тие извештаи и истовремено ќе го

информира Собранието на Република Македонија за истиот извештај.

Не би сакал да должам повеќе, меѓутоа, на крајот, почитувани пратеници, можам да кажам дека беше мое задоволство како претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците, но и како пратеник на Собранието на Република Македонија, да го дадам својот придонес за подобрувањето и поквалитетниот живот на една етничка заедница, како што е ромската етничка заедница. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Прешоски, имате збор.

**Коста Прешоски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Моето излагање ќе го започна со тоа што беше кажано од страна на една студентка на натпреварот за најдобар оратор, одржан во Деновите на отворен Парламент. Цитирам: "Пет денари молам, Господ здравје ќе ви даде". Со овој цитат се сретнуваме секојдневно на Камениот мост, на Автобуската станица, на семафорите и тн. и многу е јасен, разбирлив, силен, погодува во срце и бара стратегија и акција. Токму за тоа ќе зборувам, за актуелната состојба во сите сфери на живеењето на Ромите.

Оваа Стратегија што е пред нас е израз и волја на нашата држава да се намали јазот, односно разликата што постои меѓу ромскиот народ и останатото население во Република Македонија. Нашата држава покажа подготвеност за изработка и донесување на еден ваков статички документ и на тој начин да се придружи кон земјите што го промовираат принципот на активна заштита на правата на Ромите. На тој начин, за Република Македонија грижата за Ромите е и нејзина законска должност. Стратегијата што денес ја разгледуваме претставува национална, долгорочна, сеопфатна и кохерентна стратегија за интеграција на Ромите во општеството. Со овој документ се сака да се постигне траен развој во социјалната, економската и политичката сфера и особено да се створат услови за пристојно домување, соодветно образование и здравствени услуги за граѓаните на оваа заедница во Република Македонија.

Оваа стратегија се совпаѓа и со тенденцијата на Владата за намалување на сиромаштијата во нашата држава, Ова го говорам од причина што не треба да се биде експерт, доволно е да се погледне во своето опкружување и да се заклучи дека сиромаштијата на Ромите е многу повисока отколку кај граѓаните од останатите заедници. Ваквата состојба има негативен одраз врз нивото на образованието, вработувањето, домувањето, здравствената заштита и тн. Добро е и што донесувањето на оваа Стратегија за Ромите во Република Македонија се совпаѓа и со Декадата за вклучување на Ромите во Република Македонија 2005-2015 година. Ова особено се однесува на целите на Декадата, кои се вградени и во Националната стратегија за Ромите во Република Македонија.

Почитувани пратеници, според официјалните резултати, од последниот попис во Република Македонија, споредено со пописот во 1994 година, се забележува значителен пораст на броноста на оваа заедница. Но во овој документ постои проблем во насока на несовпаѓање на официјалниот објавен број на Роми кои живеат во нашата држава и неофицијално мошне поголемата бројност сугерирана и искажана од претставници на ромската заедница. Несогласувањата на официјалните бројки со оние наведени од лице на теренот е честа појава и во земјите од регионот. Значи оваа појава не е ексклузивност само на нашата држава, но сепак мислам дека оваа Стратегија треба да се однесува на бројот на Роми што е некаде на средина меѓу тој што е официјално евидентиран од страна на надлежен орган во државата и неофицијалните проценки за бројноста на Ромите во Република Македонија. На тој начин, по мое мислење, практичната применливост на Стратегијата ќе може реално да се димензионира, бидејќи мерките кои ги пројавува овој документ точно се знае на колкава популација ќе се однесуваат, било да се работи за домување, здравство, образование и тн., а тоа се бројките за бројноста на Ромите за кои малку погоре говорев. Тоа го поддржувам бидејќи и активностите што следствено произлегуваат од Стратегијата повлекуваат и ангажирање на бројни домашни но и странски ресурси, бидејќи се знаат потенцијалните корисници на тие ресурси, а со цел да се постигне соодветно и ефикасно планирање.

Во мојата натамошна дискусија ќе се задржам на актуелната состојба во разни области, а се однесува на оваа популација, се со цел Парламентот евентуално да ги прошири, измени, продлабочи препораките, активностите и иницијалните активности дадени во Стратегијата и предлозите дадени во Мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците. Стратегијата се фокусира на повеќе приоритетни области и тоа: услови за живеење и домување, вработување, образование, здравство, социјална помош и заштита, заштита на човековите права и прашањето на дискриминацијата, култура, медиуми, жената Ромка и нејзините специфични проблеми и политичка партиципација.

Оваа листа на приоритети за стратешко делување е рефлексија на секојдневните проблеми на ромската популација. Многу субјекти имаат дадено значителен придонес во изборот на овие области за опсервација и анализа, но од друга страна истите се избрани како најактуелни и од страна на партиципиентите во Декадата на Ромите. Кога станува збор за актуелната состојба во областа: услови на живеење и домување, може да се констатира дека Ромите главно живеат во мошне лоши услови, односно под прокламираните

стандарди на соодветно домување. Во најголем број случаи тие живеат во провизорни домови кои ни од далеку не овозможуваат задоволување на најосновните животни потреби. Поради недостаток на финансиски средства тие се принудени да живеат во големи семејни заедници, во кои често пати доаѓа до расправии и други несакани појави на асоцијално однесување. Тоа се населени населби со нејасен сопственички статус и неурбанизирани. Ромите се концентрирани во урбани средини, но на нивната периферија и живеат во дивоградби без решени инфраструктурни услови, нема струја, без вода или со бактериолошки неисправна или загадена вода, без канализациона мрежа, неасфалтирани улички, без улично осветлување и редовно собирање на отпадот. Оваа заедница генерално има проблем за интегрирање на нивните населби со другото урбано подрачје. Потоа, Ромите како поединци имаат тешкотии при барањето и добивањето на стан под кирија во останатите подрачја на градот, потоа се ограничени во правото за добивање на социјални станови заради непознавање на неопходната постапка и тн.

Ќе се задржам малку поопширно на делот за вработување на Ромите. Високата невработеност во Република Македонија е последица на неповолните економски текови, кои се рефлектираат на целокупното население, особено врз стандардот на добар дел од населението. Високата невработеност поизразено се чувствува кај ромското население. Јасно е дека со започнувањето на генерално позитивните економски движења во Република Македонија, ќе се подобрат и условите за вработување кај севкупното население во Република Македонија, а со тоа и кај Ромите. Но сепак, оваа Стратегија што е пред нас е во насока и на намалување на невработеноста на Ромите, при што се наметнува потребата од инволвирање на сите релевантни субјекти или потенцијали во државата. Сите релевантни показатели потврдуваат дека Ромите имаат највисок процент на невработени лица, тие се во овој дел најпогодената група со стапка на невработеност над два пати повисока од стапката на национално ниво. Неповолен е фактот што голем дел од Ромите кои бараат работа немаат неопходно ниво на образование за да бидат компетативни на пазарот на трудот. Според статистичките податоци од Агенцијата за вработување, добар дел од Ромите кои бараат работа немаат завршено основно образование, а само неколку од нив се високо образовани. Потоа евидентно е дека имаме просечно пониско ниво на образование кај жените во однос на мажите. Ваквото ниско ниво на образование овозможува тие да ги работат најниските и најслабо платени работи, главно физички, кои во моментот тешко се добиваат поради големата понуда на работна сила. Исто така, фактот дека постојат Роми и со завршено средно образование, а се без можност за вработување во државниот апарат се рефлектира врз останатите да напредуваат во образованието.

Друга причина за невработеноста е и кај самите Роми кои не се доволно информирани или кои не знаат на кој начин да се информираат за можно вработување кај надлежните институции во државата. Мора да признаеме дека нови вработувања на Ромите се редуцирани и поради присутната дискриминација кај одделни работодавачи.Според направените истражувања се покажа дека скоро половина од ромското население живее од социјална помош. Кај овие корисници на социјална помош преовладува психологијата на зависност од таквите бенифиции и го отежнува нивното вклучување во пазарот на трудот. Сегашната состојба со генералното образовно ниво на Ромите е мошне незадоволителна. Оваа ситуација, односно неписменоста и нискиот степен на образование кај Ромите доведува до форсирање на сиромаштијата и висока стапка на невработеност.

Што се однесува до образованието, уписот во основните училишта кај ромските деца е за 20 до 30% понизок отколку кај другите и осипувањето во текот на образованието е над два пати повисок кај ромските деца во однос на другите. Така од 72% на деца Роми кои редовно посетуваат настава, по навршувањето на 15 годишната возраст тој број драстично се намалува. Треба да се потенцира дека 24% од Ромите постари од 25 години се неписмени и дека 50 од Ромките се неписмени. Иако завршувањето на основното образование е законска обврска, сепак тоа во реалноста, посебно од Ромите тоа не се почитува. Се смета дека само 20% од Ромите кои завршуваат основно училиште го продолжуваат своето школување во средно уилиште. Исто така, во последно време може да се уочи дека бројот на студенти Роми е во благ пораст. Причините за ваквото незавидно ниво, во делот на образованието на Ромите се бројни и тоа, лоша социоекономска состојба кај поголем број на ромски семејства, запишувањето на ромски деца и ненавремено и нецелосно, т.е. е помал од реалниот број на деца кои треба да бидат опфатени. Лошите услови за домување се пречка за домашното учење. Недоволно познавање на македонскиот јазик при нивното запишување во прво одделение е неможноста тие нормално да ја следат наставата. Значи постои јазична бариера, посебно што 80% од ромското население во Македонија како прв јазик го говорат ромскиот јазик. Со тоа стартниот успех во училиштето е многу слаб. Мрежата на предучилишни и училишни установи за прифаќање на сите ромски деца е недоволно развиена. Голем дел од запишаните деца се осипуваат во текот на основното образование, посебно по петто одделение, бидејќи до четврто одделение децата по автоматизам се префрлаат од една во друга година, без да се обрне сериозно внимание токму во тие години децата Ромчиња поефикасно да се вклучат во образовниот процес. Затоа реалниот

проблем со несовладувањето на наставната материја се согледува со преминот во петтата настава, т.е. во петто оддление.

Друга причина е ниското ниво на едукација на родителите за немањето свест за важноста на образованието  и немотивираноста нивните деца да посетуваат настава. Скапите учебници и друга училишна опрема исто такае една од причините. Потоа појавата на малолетнички бракови и наметнување на други сериозни семејни обврски, како и  поттикнувањето на женско дете да не оди на училиште е исто така една од причините. Исто така има појава на сегрегација и дискриминација. Ромските деца не се прифатени од средината во која се образуваат.

Што значи тоа?  Другите деца не сакаат да седат со нив или да се дружат. Некои професори недоволно внимание им обрнуваат на ромските деца. Самите ромчиња се срамат од својата облека, а исто така забележана е и дискриминација  во однос на оценувањето. Проблем е и многутесноста на семејствата  и живеењето во поширoко семејни заедници. Како причина за ваквата состојба е степенот за образование на ромската популација.

Кога зборуваме за здравството како сегмент што се однесува за Ромите, во Република Македонија може да се воочи специфика која се разликува од генералната здравствена состојба на ниво на држава. Тоа се должи пред се на состојбите што малку погоре ги изнесов а тоа воглавно се лошата економска состојба на ромите потоа недоволно примарната здравствена заштита, бидејќи во населените места претежно со ромско население нема доволно амбуланти, слаба превентивна заштита односно нередовна имунизација на децата поради слбиот одзив на нивните родители, недоволен систематски преглед на децата и жените, потоа ниско ниво на образование и култура и покрај другото специфичниот менталитет и традиција. Лек се бара во парамедицината, рано стапување во брачна заедница, помало вреднување на женското дете итн.

Да не се лажеме има појави и на дискриминација во здравственото згрижување од страна на здравствениот персонал, недоволна информираност за здравствените права, тешката физичка работа и сл.

Најчести болести кај помладите роми се заразните болести, хепатитис, паразитските заболувања, кожни инфекции итн. Кај возрасните срцеви заболувања, дијабетис, нервни растројства и др.

Може да се заклучи дека тешките животни услови просечниот живот на ромите го прават пократок, за разлика од припадниците на другите заедници. Интересно дека репродуктивноста кај ромите е два пати поголема од просекот во Република Македонија, но и морталитетот на децата роми е двапата поголем во однос на останатите заедници.

Овде не смее да се занемари и проблемот со дискримацијата, што е тешко докажлива. Се случува здравствениот персонал да ги занемарува ромите како пациенти или да имаат предрасуди спрема нив. Но постојат и случаи на сегрегација ,во делот на болничкото сместување. Оваа ситуација дополнително е обремената и со нерегулиран статус на осигурување, нивниот менталитет, непознавање на македонскиот јазик, непридржување на советите на лекарот во однос на исхрана, лекови и хигиена. Овде треба да се истакне дека во пракса Агенцијата за вработување направи напори да излезе во пресрет на потребите на оваа категорија население во можноста за користење на бесплатно здравствено осигурување, кое формално е врзано со пријавување во Агенцијата за вработување, а кое пак е условено со завршено основно образование. Така, 56% од ромите го имаат статусот на здравствени осигуреници по било кој основ, 17 делумно и 27 воопшто не се осигурани. Да кажам неколку збора и во делот на социјална помош и заштита.

Многу често, по мое излагање за лошата состојба на оваа популација, скоро во сите свери па и во оваа е лошата економска состојба во државата која дополнително ја влошува и така лошата егзистенционална ситуација на поголем број роми. Знаеме дека овој транзиционен период доведе до отпуштање на голем број вработени, што секако ги погоди ромите кои беа вработени на работни места кои бараа неквалификувана работна сила. Во такви услови месечната социјална помош од околу 50 евра што ја примаат голем број од ромското население е единствениот извор на редовен приход. Поради тоа што тие се немоќни да ја подобрат својата социјалнна состојба, ромите воглавно стануваат зависни од социјална помош што ја примаат.

Незавидната економска положба продуцираше и бројни социјални проблеми на ромите и тоа бездомништво, просјачење, малолетна деликванција, алкохолизам, дрога и трговија со деца. Посебно треба да се истакне феноменот на продажба на новороденчиња кој е присутен, а во јавноста многу не се зборува, потоа појава на семејно насилство итн.

Во делот на заштита на човековите права и прашањето на дискриминација во однос на актуелната состојба, што се однесува на ромите од разни извештаи, се наведуваат попјава на директна и индиректна расна дискриминација како пречка заради која ромите не можат да се интегрираат потполно во општеството. За ова и погоре во моето излагање стана збор. Значи тоа се рефлектира во сите пори во животот на ромите односно во делот на услуги што државата ги дава, а не се достапни за ромите, или поради неинформираноста на ромите за сопствените

права и што треба тие да направат за да можат да ги остварат загарантиранитое права.

Како проблем од аспект на човекови права, може да се наведе покрај другото и остварувањето на еднаквоста пред законот, појавата на трговија со жени и деца, тешкотии во остварувањето на правото на ефикасна и правична постапка, независноста на судството и правото за добивање државјанство за оние кои долго време живеат во земјата, потоа има изолирани случаи на злоупотреба на службената должност од страна на полицијата при апсење и на места на притвор во однос на ромите, а во некои случаи дури и примена на тортура.

Генерално може да се заклучи дека ромите во Република Македонија се обидуваат да го најдат своето место во македонското општество, во услови на демократија која е во процес на изградба.

Што се однесува до облиците на дискриминација, заради нивната чувствителност тие често се докажуваат легално, дури и кога ваквата појава е евидентна. Така ромите се жалат дека врз себе чувствуваат скриена дискриминација , дури тие не ја чувствуваат и во функционирањето на судскиот систем. Полицијата не реагира на тепачка против роми, младите роми не смеат да одат во диско или кафуле, тие се плашат да излезат пред суд и да тужат, не се гонат роми кои направиле дело против други роми, ромите се гонат почесто од другите сторители итн.

Информираноста за листа на човекови права и привилегија на лица со повисок степен на образование, што е хендикеп за ромите. Постојаното дискриминирање на ромското население, кај добар дел од оваа популација доведе до тао при пописот да се пишуваат како претставници на други заедници, надевајќи се дека вака помалку ќе се изложуваат на дискриминација и други обливи на понижување.

Граѓанскиот концепт на Уставот на Република Македонија во основа ги изедначува сите нејзини граѓани во однос на правата и слободите. Значи и покрај поставената правна рамка за еднаквост на сите граѓани, присутни се огромен број на случаи каде ромското население, од страна на претставниците на државните органи се третира како население од втор ред.

Нешто и зелата состојба во делот на културата и медиумите, што се однесува на ромите.

Културата на ромската заедница е инструмент за афирмирање на нивниот идентитет, но иствремено и инструмент за заедничка комуникација и нивна интеграција во оппштеството. Во нашата држава постојат многу малку културни организации кои перманентно би ја негувале културата на ромите. Од друга страна мораме да истакнеме културни организации од ромска заедница да имаат остварено висока репутација и тоа во светски размери. Меѓутоа ромите имаат забелешка дека нивната култура не секогаш се прикажува реално. Културата во Република Македонија лмора да биде фактор за натамошна еманципација на ромската заедница и таа секогаш треба да биде во согласност со напорите што се прават во образовниот систем.

Во нашата држава самото постоење на медиуми на ромски јазик овозможува директн апострофирање на проблемите со кои се соочуваат ромите, како и негувањето на ромскиот јазик.Постојат неколку часописи на ромски јазик, функвионираат неколку локални ТВ и радио станици а има програма на ромски јазик на МТВ и Радио Скопје 2. Тука морам да истакнам дека развојот на невладиниот сектор придонесе за нешто позасилена афирмација на културната самобитност на ромите.

Преку финансиска подршка од домашна и странски донации се појавија и првите ромски радио и ТВ станици што играа значајна улога во задоволувањето на културните потреби на ромите, но и за развој на системот на информирање на мајчин ромски јазик.

Со цел реално да се пренесуваат информации за ромите, потребна е едукација на новинарите. Од друга страна пожелно е емитување на емисии со тема за ромите и нивните проблеми, потоа програми од едукативен карактер, за нивната култура и традиција.

На крајот ќе се осврнам и на актуеланта состојба што се однесува на жената ромка и нејзините специфични проблеми.

За проблемот на жената ромка во неколку наврати погоре е зборувано. Нејзините потреби и проблеми имаат низа сличности со другите жени во нашата држава, но таа има и други проблеми, карактерстични за ромската етничка заедница. Сите прашања за позицијата и напредокот на ромската заедница е тесно поврзано со подобрувањето на нејзината позиција и еманципација. Тоа значи дека развојот на односите во родовите на ромската заедница се од примарно значење, бидејќи оценка е дека тие живеат во двојна дискриминација и како жена и како ромка. Затоа мора да се надминат застарените традиционални сваќања и притисоци што се однесуваат за женското дете. Жената ромка претставува централната оска околу која водат сите патичта за развој на ромската заедница. Сите иницијативи кои ќе ја унапредат и еманципираат ромската заедница ќе имаат директен позотивен исход врз ромската жена.

Јас се задржав само на актуелните состојби во приоритетните области од живеењето на оваа популација во Република Македонија, повеќе како едно постсетување за каква проблематика станува збор. Не се задржав на нормативната рамка дадена за секоја од посочените области и на препораките и активностите кои по мислење ќе ни послужат како основа за донесување на заклучоци во врска со оваа стратегија за ромите, кои ние ќе ги донесеме согласно нашите

надлржностик, а во согласност со предлозите дадени во мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците.

На крајот моето излагање ќе го завршам со еден цитат-сликата за тоа како живее ромското население не е ниту светла, ниту темна туку обоена со дамки кои зрачат светлина или се само темни.

Да завршам, почитувани пратеници во целост да ја спроведеме оваа стратегија за ромите. Молам, господ здравје да им даде.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Прешоски.

Има збор госпоѓа Роза Топузова.

**Роза Топузова-Каровска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас би сакала сосема накратко да кажам неколку збора во подршка на стратегијата за ромите, која моментално се наоѓа пред нас.

После сеопфатното излагање на колегата Прешоски кој направи севкупна анализа на сите сфери на живеењето на ромите, почнувајќи од образованието, домувањето, социјална та заштита, здравствената заштита, се друго што би се кажало во таа насока би било повторување. Но, од сето тоа пак можеме да дојдеме до еден заклучок дема ромите се етничка заедница која има специфични потреби и проблеми и токму заради тоа ни е неопходна програма со која ќе се имплементира посебна Национална стратегија за ромите во Република Македонија. Од тој аспект сметам дека треба да се ангажираат сите релевантни фактори во државата, почнувајќи од овој Парламент, потоа ни е потребна една силна медиумска кампања во рамките на спроведувањето на оваа стратегија. Исто така е потребно, целокупниот не владин сектор посебно оние кои ги третираат проблемите на етничките заедници, проблемите на ромите, проблемите за човековите права, да земат целосно учество во националната стратегија за ромите.

Секако дека имаме едно подобрување од ова што досега се случува. Пред се, јас би кажала дека ромите во Република Македонија имаат едно достојно место во политичкото дејствување, секогаш биле застапени со нивни претставници во овој Парламент и преку нивните претставници можеле да ги бранат своите права, можеле да ги застапуваат правата на етничката ромска заедница. Во овој момент дури имаме и заменик министер, што значи дека тие партиципираат и во Владата на Република Македонија. Јас исто така имамсознание дека ссе и правично застапени во сите сфери на државната администрација и тоа од дена на ден се повеќе се подобрува. Сметам дека и тоа не е доволно, ако сите не се вклучиме понатаму во реализацијата на оваа Програма. Особено е потребна мобилизација на надлежните министерства во смисла на времено оперативно реализирање на проектите со што може да се постигне по зголемено вработување на претставниците на ромската етничка заедница, како во државната администрација така и во останатите сегменти на вработувањето. Токму со еден целосен ангажман, а не само декларативна заложба, можеме да направиме ромите да не бидат етничка заедница, туку ромите да бидат етничка заедница која ќе ги ужива сите права што ги имаат и останатите заедници во Република Македонија. Во таа смисла пратеничката група на ЛДП дава целосна подршка на оваа Национална стратегија за ромите во Република Македонија и ќе направи заложби таа понатаму да гиде имплементирана во сите сфери во нивното живеење.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе.

Еве конечно нешто пред нас за кое можеби многу порано требаше да се разговара, но сега дојдовме во една ситуација, после 15 години, единствени во регионот без национална стратегија. Но јас , за жал ќе морам да кажам дека националната стратегија веќе гледам дека треба да почнеме да ја работиме за цела Република Македонија и за сите граѓани на државата, затоа што и по статистичките податоци и по бројките што ги имаме, едноставно резултатите се катастрофални во сферата на економијата, во сферата на домувањето, така што тука оваа национална стратегија мора да биде проширена. Но, во секој случај оваа декада или стратегија за ромите во Република Македонија, за разлика од се досега што беше направено, се надевам дека нема да биде една од оние многу само напишани стратегии кои многу тешко ќе се реализираат, гледајќи години наназад, знаејќи како еден проблем почнуваме да го решаваме. Сето ова ако не се операционализира, ако не се даваат задолженија, рокови и термини кои уште во старт се пробиваат, мислам дека многу тешко ќе оди со ова што значи стрратешко решавање на проблемот со ромите во Република Македонија.

За што би сакал да проговорам?

Еве, токму на вчерашниот ден имаше ребаланс на буџетот и денес во една иста точка, од ова што го расправаме, се наоѓа нешто за што очекував министерот да проговори, но апсолутно таква работа не се случи затоа што во оваа стратегија што ни е понудена и тоа во Информацијата за стратегијата за ромите, правена во јануари 2005 година, под точка 5 од оваа Информација се вели дека се задолжуваат сите министерства од својот буџет за 2005 година да издвојат средства наменети за имплементација на националните акциони планови на Декадата и стратегијата за ромите во Република Македонија. Такви средства видовме дека не се издвојуваат и за други национални установи, за образование и за многу други работи што директно е засегната и ромската популација во Република Македонија , потоа здравственото осигурување што

претставува голем проблем, Фондот за здравство, образованието, почнувајќи од основното за кое говоревме дека се обезбедени средства за изградба на две училишта и поправка и реновирање уште на две други и тоа е се што треба да направи Република Македонија . Јас мислам дека ако сме сериозни како држава, ако оваа национална стратегија ја носиме за да биде имплементирана и за да може да донесе некои резултати под итно она што е запишано во националната стратегија , она што е запишано во црниот план, она што значи задолжување за Министерството за транспорт и врски , задолжување за Министерството за здравство, задолжување за Министерството за труд и социјална политика и ние како Парламент, како законодавен дом под итно до крајот на оваа 2005 година да ги донесеме тие закони со кои што закони ќе донесеме една подобра клима која што ќе обезбеди и за вкупното население на Република Македонија и посебно за ромската популација , преднос во она што значи ресоцијализација и нивно вклучување активно во живеењето во Република Македонија.

Зошто го говорам ова?

Во многу од овие планови ние сме сведоци дека два пати досега е донесен еден закон за врабитѕвање под одредени специјални услови т.н. Бранков закон со кој што Бранков закон за жал, тие вработувања секогаш стигнуваат некаде пред нова година. Таа бројка беше минимална до времето кога требаше да се вработуваат, но пред нова година наеднаш таа бројка рапидно се зголемува со 15-20 илјади нови вработувања кои проформа се правеа. Се плашам дека и сега може да се случи истата равбота затоа што таква програма во која работодавачите ќе бидат ослободени доколку вработат дел од ромската популација.

Значи, првиот проблем законските решенија, понатаму, за нешто да функционира треба да се обезбедат средства. Во ова што значи акционен план и средствата кои што треба да функционираат, кажуваме дека од вкупните средства 70% ќе бидат донации и 30% ќе бидат државни средсва. Да ви кажам, со овие донации и донатори, не знам дали и ние не можеме да излеземе на крај или не знаеме да ги побараме и не можеме да ги донесеме,но верувајте ми дали се тоа невладини организации, дали се дел од министерствата, мислам дека треба да се направат цели одделенија кои што ќе работат во оваа декада на ромите, што значи цели 10 години и ќе можат да обезбедат барем попристоен живот за она што во моментов го имаме.

Јас имам можност и сеуште имам можност да работам со такви граѓански здруженија од ромската популација во Битола, како што беа Баирска светлина, Зелен Баир, со кој што се договоривме за многу работи, но во моментов во РМ се случува и една друга промена а тоа е децентрализацијата. Децентрализацијата и начинот на кој што расправавме минатата година, како тие ингеренции ќе се префрлат на единиците на локална самоправа, но сето тоа да биде и финансиски поткрепено, за да може оние детални урбанистички планови и генералните урбанистички планови, се каде што ромите во моментот живеат, мислам дека се во 95% случаи диви населби, населби кои што не ги задоволуваат основните стандарди за живеење. Токму тука беше и основната намера во Битола да се почне со Петочна Вода, што значи една населба покрај која што поминува регионалниот пат меѓу Прилеп и Охрид, каде што сигурно сите што поминале занаат и во какви и што услови живеат тие луѓе. Мислам обидите пред избори, обидите инцидентно да се направи нешто, апсолутно никогаш нема да вродат со плод и тоа е генерална забелешка. Затоа што треба да се има стратегија. Стратегијата значи оваа декада да се искористи максимално за добивање на финансиски средства, за добивање на можност тие граѓани конечно да добијат свој дом, што значи да обезбедиме, не мора да бидат тие станови, се обидовме ние да градиме некои социјални станови и на крајот се достигна на некоја цена што мислам дека не е многу поефектна од она што го имаше претходно направено било која градежна фирма, која што не плаќаше данок и не плаќа данок, но во секој случај треба генерално да се размислува во таа насока. Значи, водоводи, канализација, ако местото веќе треба да се урбанизира треба да се најдат начини, а мислам дека има заинтересирани луѓе. ЕУ затоа и ги прогласи овие десет години како декада за ромите и тука треба да се насочиме сите. Почнувајќи од невладини организации, од сите министерства, но уште еднаш ќе повторам, доколку сето ова не биде врзано со субјектите кои што треба да го реализираат тоа, доколку не биде поврзано со рокови, ние верувајте ми и 2012 година, некој тука во ова Собрание ќе расправа дека еве стигнавме да ги донесеме законите, дека имаме визија како сето тоа треба да изгледа, но, за жал, немаме средства и сето тоа ќе остане за некои подобри времиња кога РМ ќе мислиме дека ќе влезе во ЕУ, што значи не пред оваа декада од 2015 година.

Затоа, уште еднаш апелирам, се што е министерство апсолутно да се вклучи до Собранието мислам дека треба да се доставуваат извештаи, затоа што ова е акционен план во кој стојат термини, има рокови, има субјекти кои што се задолжени да реализираат дел од сите овие активности. На крајот на краиштата, и ние како Собрание да можеме да ги донесеме предвидените закони кои што се инкорпорирани во оваа стратегија и во овој акционен план и да се потрудиме барем она што е од нас, значи легислативата да можеме да ја донесеме до крајот на 2005 и со тоа да бидеме дел од помошта на ромската популација во РМ, затоа што имаше денови, а и денес нивните обиди за една културна презентација како нивна, така и презентација на

РМ во Европо и во светот мислам дека е доста успешна. Тука, јас морам да кажам за голем дел од спортистите од ромската популација, посебно за Битола во боксерскиот клуб кои во времето беа државни репрезентативци на Југославија, во моментот поради немање на средства, поради следување на сето тоа и маргинализирање мислам дека сето тоа е замрено. Тука треба да се најде начинот како тие луѓе повторно да се активираат во тие спортски друштва, во културно уметнички друштва, да бидат многу поблиску до граѓаните и на тој начин да го реализираат она што е нивно. Затоа, почнувајќи од образованието и училиштата во кои тие одат апсолутно министерот Никола Попоски во својот буџет треба да предвиди многу повеќе и ако треба и да ги бара, затоа што овие донации од 70% мислам треба да се предвидени во бројки да може да се знае што од сето тоа, каде и во кој регион ќе се реализира. Мислам дека тоа е основното и се надевам барем во ова време додека сме ние во Парламентот, нашиот дел од работата ќе го завршиме. Да се надеваме дека невладините организации и сите владини институции кои се задолжени за овој проект дека ќе доставуваат информации. Но, не е толку битна и информацијата, доколку успеат да реализираат дел од оваа програма. Значи, националната стратегија треба комплетно да се гради за вкупното население во РМ, кое е доведено на работ на сиромаштијата и тука да се искористи декадата на ромите и на истите да им се помогне. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Се јавувам од името на пратеничката група за да ја искажам нашата поддршка за стратегијата за ромите во РМ. Конечно, време беше РМ да направи една национална стратегија за ромите како етничка заедница. Во РМ се прават напори за вклучување на сите етнички заедници да се овозможат еднакви можности на сите, меѓутоа, факт е и дека ромскаста популација, за неа се потребни дополнителни мерки кои што треба да ги преземе РМ. Тоа е пракса во сите земји и околу нас и во Европа. Ние сме единствената држава во нашето најблиско соседство која што сеуште нема усвоено национална стратегија за ромите и имањето на еден ваков документ не е само од интерес на ромската заедница, туку за ссевкупниот развој на РМ како држава. Од тие причини го прифаќаме и го поддржуваме напорот на Владата за изготвување на една ваква национална стратегија. Јас можам да кажам само тоа дека кај ромите во РМ има огромна надеж дека декадата на ромите ќе направи многу за ромската популација во државата. Се сваќа дека со усвојувањето на овој документ од страна на Собранието, ќе се решат сите проблеми на ромската заедница, ќе почнат да течат пари и нема веќе да има проблеми со невработеноста, со живеалиштата, со образованието на ромите. Меѓутоа, треба да се објасни дека ова е долгогодишен процес со огромен број на мерки кои што треба да ги преземе сериозно државата, но за кои што треба да се обезбедат доволно средства. Да не остане стратегијата на Ромите само напишана на хартија а од неа да нема никаков резултат. Повеќето од мерките за стимулација кои што се предвидени во стратегијата во моментов едноставно и опстојуваат во државата РМ, а јас само накратко ќе се задржам како пример за образованието на ромите, посебно за основото образование и образованието и на младите роми, кои не успеале да го завршат своето основно образование во редовниот осумгодишен циклус, туку и за жените ромки на кои едноставно не им било дозволено како возраста што предвидува со Законот за основно образование да влезат во редовниот систем во образование. Во моментов имаме институции во државата кои што се занимаваат со основно образование на возрастни и во работничките универзитети до скоро се изведуваше настава и покрај негрижата на државата да го поддржува образованието на возрасните, на товар на институциите за образование на возрасни, како што се работничките универзитети со години по ред, се правеше ваква обука. На крајот имаше полагање и ромите се стекнуваа со свидетелства за завршено основно образование. Убаво е сега тоа што како посебни мерки за стимулација е предвидено меѓу другото и основното образование на ромите од каде што треба да започне процесот на едукација и неоподно е потребно ова стратегија навистина да не наиде на поддршка кај Владата и одделување на повеќе средства за образование односно за поддршка на ваквите програми на образование. Бидејќи, досега беше се оставено на добрата желба на институциите, пред пет, 6 години се финансираше од страна на државата основното образование за возрасни иако е обврска на државата според Уставот, меѓутоа понатаму се заборави на оваа обврска и не беше поддржувана од страна на државата. Во моментов не знам колку од работничките универзиети сеуште вршат упис на кандидати кои што се заинтересирани за основно образование, бидејќи и тие се исцрпеа во можностите да даваат вакви услуги без државата да има некаква грижа да го финансира тоа. Се правеа напори за обезбедување на учебници, меѓутоа повторно ќе кажам заостануваше грижата на државата. Со 30-те проценти со кои се предвидува од Буџетот на државата да бидат дадени за имплементација на ваквата стратегија, а 70% да биде од донации, јас се сомневам дека нешто ќе се успее, земајќи го предвид Буџетот на државата, земајќи го предвид расположението на Министерството за финансии, за да даде повеќе пари за основното образование, да даде повеќе

пари за средното образование, затоа што најголем дел од стимулативните мерки се однесуваат на основното, средното образование. За образованието, пак да не зборуваме, мислам за образованието за возрасни. Прво, неопходно е многу сериозно да се каже дека од страна на државата ќе бидат, значи како обврска државата да земе дека основното образование ќе биде поддржано за ромите, како и основното образование за возрасни за другата наша популација, севкупната популација во државата РМ. На тој начин, ќе се обезбедат средства и за учебници кои во стратегијата се назначени дека државата ќе се грижи за тоа како посебни мерки за стимулација, земајќи предвид дека ромското население е сиромашно и не може да обезбеди средства за учебници. Да не зборуваме пак, ако до сега немаше разбирање државата и покрај обврската во Уставот за основно образование да го поддржува основното образование на возрастите, да не зборуваме за тоа дека треба да одделат пари и за основање на младински центри во местата каде што доминира населението од ромската етничка заедница. Заради тоа, сметам дека овој процент што е предвиден е многу мал и барем овие 30% од буџетот на државата треба да се насочаст кон едно, да се види што е тоа што е приоритет и тука барем да се насочат средствата, за да може да се почувствува нешто од декадата на ромите. Верувајте дека општ впечаток е кај сите роми дека многу нешта ќе се случат после усвојувањето на оваа стратегија, но со буџетот со 30% државни средства кои што се предвидуваат да бидат потрошени за оваа намена, се сомневам дека ќе успее нешто да се почувствува кај ромите, да тргне нешто на подобро, доколку не се насочат овие средства кон одредена цел. Сметам дека образованието е основата на еманципацијата на ромската заедница и тука треба да се вложат најмногу од средствата кои што државата ги предвидува за оваа стратегија за развој на ромите.

Уште еднаш ќе кажам дека и овој Парламент треба да размисли овие посебни мерки за стимулација да ги вгради и во законите. Тоа ќе биде наша обврска во иднина, се со цел да заживее оваа стратегија за ромите во РМ во наредните 10 години. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Кратко сакам да кажам, според она што е наведено во стратегијата за ромите во РМ и оние податоци со кои јас располагам, Штип е еден од градовите каде што е доста голема ромската популација. Сигурно таа популација е над 2000 или 3000 жители од ромската популација, а исто така знам во какви услови живеат ромите во Штип, каква им е инфраструктурата, какво им е уличното осветлување, каква е водоводната мрежа, какви се здравствените услови во кои живеат луѓето, каков вид на здравствена заштита им се дава. Со еден збор можам да кажам дека токму во ромската популација е најизразена сиромаштијата која секојдневно расте во РМ. Меѓутоа, најмногу се гледа токму во Ромската популација. Јас ја поздравувам иницијативата за ова прифаќање на стратегијата за ромите декадата 2005 - 2015 година. Би сакала од се срце оваа стратегија вака како што е дадена на сто и кусур страни да биде имплементирана во целост, токму заради тоа што ромската популација претставува еден значителен дел или според Пописот во 2004 година 53.879 граѓани во РМ се од ромска националност или тоа во проценти израцено е 2,66%. Меѓутоа, процентот ништо не значи во однос на условите во кои живее ромското население во сите градови, претпоставувам како што живее во Штип а некаде дури и полошо. Се надевам, уште еднаш ќе кажам, оваа стратегија да го најде местото, вистинското место во општественото живеење на вклучување во општествениот живот на ромската популација. Меѓутоа јас, уште нешто сакам да укажам, најверојатно колегата Неждет Мустафа ќе се сложи со тоа. Покрај ова постоење на национална стратегија за ромите, во декадата за ромите и утврдените цели, домување, образование, здравство и вработување, не може да биде само еднонасочна како стратегија утврдена од Министерството за труд и социјална политика, од сите надлежни институции кои треба да учествуваат, затоа што товарот не може да го поднесе Министерството за труд и социјална политика единствено тоа, значи, потребно е да се вклучат и единиците на локална самоуправа и сите останати институции. Меѓутоа едно укажување мора да се смени и начинот на размислување и менталилтетот. Тука треба претставниците на ромската заедница да влијаат, значи менталитетот и начинот на размислување на самите роми ако сакаат целосна **имплементација** на оваа стратегија и на нив како дел од македонските граѓани во животот и подобрување и во однос на вработувањето и во однос на образованието и во однос на домувањето и во однос на сите сфери.

Јас верувам дека ова укажување нема да го сватат Ромите како злонамерно, напротив, сакам да кажам дека е потребно двонасочен процес не само од Министерството за труд и социјална политика, Владата или било која друга институција, меѓутоа, и Ромите мора да се вклучат самите во процесот, имаат можности, имаат голем број на невладини организации кои одлично работат во делот на еманципација на Ромите во одредени сегменти.

Значи, покрај она што треба да го обезбеди државата, ќе мора да се смени начинот на размислување кај ромското население.

Во целост ја подржувам Стратегијата на Ромите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Има збор пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Јас знам дека многу декларации, многу повелби, многу пишани и непишани документи, но нема ефект ако тие практично не се применуваат.

Јас мислам дека треба точно да се дефинираат мерките кои спаѓаат под брзи мерки и кои спаѓаат како мерки кои ќе следат во пократок временски период и подолг временски период.

Побрзите мерки сметам дека треба социјалната положба со социјалниот додаток под итно да се зголеми и да се воведе кај сите оние семејства каде практично се гладува. За да не гладуваат излегуваат на улици и просат. Гледате на раскрсниците полни се со мали деца, ги носат мајките, сестрите, изложени на страшно невреме, на сонце, на студ, на дожд и т.н.

Еднаш јас во Парламентот поставив прашање што мисли да преземе Министерството за труд и социјална политика оваа појава со решенија и мерки да се елиминира.

Дека навистина тешко живеат се гледа во вечерните часови кога тие практично ги пребаруваат контејнерите во градовите.

Области во кои може многу брзо да се дејствува, ако се сака да се најде решение, има повеќе. Тука треба да се поделат на два дела. За оние роми кои живеат во урбаните средини и за оние роми кои живеат во руралните средини. Или, кои сакаат да живат во тие рурални средини. Имаме огромно општествено земјиште во Република Македонија кое практично не се обработува. Тука, со инвестирања, со неповратни средства тој дел од ромите кои живеат во тие рурални средини можат да се оспособат да го развијат земјоделието и тоа во сите правци. Мислам на култури кои недостигаат на државата, во сточарството, краварски фарми, овчарски фарми, има многу роми кои се бават со таа дејност, козарски фарми и т.н.

Тука треба да се направат проекти, решенија, да се оквалификуваат луѓето, да им се овозможи практично со својот труд да живеат убаво.

Друга област во која мислам дека може голем дел од ова население да се вработи, тоа е индустријата и развој на преработувачките капацитети. Тој што ќе изгради капацитети, било да е од ромската или од друго население како македонци, албанци, турци, власи и незнам кој и кој ќе вработи 70% од ромското население да биде ослободен од сите даноци и давачки во наредните 5-6 години, освен пензиското и здравственото осигурување. Тоа е правиот стимул и право решение и тоа практично може да придонесе многу од ова население во урбаните средини да се вработи затоа што ќе создаде можности не само со средства од донации, туку и со средства од буџетите и со средства на оние кои сакаат да градат односно отворат работни места. Тоа е правиот потег, тоа е правиот начин да се заинтересираат луѓето да градат преработувачки капацитети.

Мислам дека големи можности се и во занаетчиството. Тука работничките универзитети треба да одиграат улога за оквалификување на тој дел од населението, а исто така и градовите во овозможување на отворање на мали работилници, на производство кое практично ќе му служи на луѓето, на граѓаните, па ако сакате и на туризмот. Гледате колку производи недостасуваат на нашиот пазар на туристите кои доаѓаат во Македонија.

Петта или шеста област во која може да се развие односно отворат работни места, тоа е трговијата. Ќе се оспособат многу дуќани, многу места, многу улици, а како што е сега случајот еве во Скопје на Бит Пазар каде  особено оној дел од население кое располага со таква смисла и способности да се ангажираат. Тука е угостителството, тука се и другите дејности, но пред се во тој развој мора да се следи со финансиски средства. Ако тие не се обезбедат, а можат да се обезбедат значајни средства од западните земји затоа што проблемот на ромите се и во тие земји. Проблемот таму го прават и ромите од Македонија. Тие земји се подготвени да вложат значителни средства, а и ние да издвоиме од Буџетот како и банките да ги насочиме во таа насока, граѓаните на Република Македонија, само тоа е решението, а други декларативни решенија нема. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Иванов.

Има збор пратеникот Неждет Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министре од Министерството за труд и социјална политика, почитувани пратеници, денеска навистина со гордост можам да  потврдам една поговорка која вели: ако имаш пријатели, можеш многу подалеку да отидеш. Така што денеска навистина се потврди дека ромите во Република Македонија ги имаат за пријатели и македонците и албанците и турците и србите и бошњаците со тоа што токму денеска откако постои ова Собрание на Република Македонија за прв пат толку долго се говори за ромите, за нивните есенцијални проблеми и за начинот како да се решаваат.

Вашата подршка на Стратегијата која е донесена на 31 јануари од страна на Владата на Република Македонија, за мене и за мојот ромски народ не охрабрува, особено вашата стимулација зад која стоите со вашите говори дека доследно ќе барате да се имплементира оваа Стратегија која е обемна, која ги содржи суштинските пробелми на овој ранлив народ, а за кој сите сме горди од друга страна за нивната ситуација за која бараме да се реши.

Токму сега, почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници најпрвин дозволете

ми да го изразам моето задоволство заради оваа можност од оваа говорница да зборувам за она што најмногу го оправдува мојот мандат како пратеник во ова Собрание.

Би ве замолил за вашето трпение поради мојата конструктивност знаете дека нема да бидам долг.

Со вградувањето на највисоките стандарди на почитување на човековите права во своето законодавство, Република Македонија во изминатиот период успеа да се легитимира како отворена и претприемчива држава за модерните демократски процеси. Како еден од елементите кои одат во прилог на оваа констатација се измените на Уставот на Република Македонија од 2001 година, во чија преамбула експлицитно се наведува ромскиот народ кој заедно со другите народи кои живеат во нашата земја е носител на самостојноста и суверенитетот на оваа држава.

Со претходниот, а сега и со новиот Устав, Република Македонија е првата земја во која Ромите се уставно признати како конститутивен народ и на тој начин нивните права и обврски се подеднакво загарантирани како и на сите други граѓани во Република Македонија.

Како светски процес глобализацијата, меѓу другото, ги интензивира и процесите на конструкција и политичка артикулација на етничките идентитети. Овој тренд на интернационализација на малцинските или етничките права е посебно актуелен за земјите во транзиција, за оние кои го имаат статусот кандидат за членство во Европската унија или пак за оние кои тежнеат да го добијат. Секако, ваквата заложба ја моделира и агендата на стандардите и критериумите кои треба да ги вградат овие земји во својата легислатива заради афирмација и заштита на човековите права.

Искуствата покажуваат дека традиционалниот пристап или уште повеќе пристапот кој се обидува унифицирано да пристапува кон пробелмите на различни етнички заедници се неефективни и не ги даваат очекуваните резултати.

Конкретно, состојбата на ромите, но и нивниот етнички идентитет, сосема се разликува од оние на другите заедници, па во таа смисла таквите пристапи не ја апсолвираат и решаваат оваа проблематика на ефикасен начин. Токму затоа се наметна потребата од изготвување на посебна Национална Стратегија за Ромите која треба да излезе во пресрет на специфичните потреби и проблеми со кои перманентно се соочува оваа заедница.

Мотивот за конципирање на еден ваков документ кој е посветен исклучиво на Ромите е детерминиран од потребата да се осмисли сеопфатна и конзистентна политика коај ќе ги идентификува круцијалните теми и пробелми кои реферираат на одделни специфики кај оваа група, но во рамките на глобално дефинираниот клучен развоен тренд.

Најважен дел од ваквата Стратегија секако е конкретна операционализирана програма на имплементација на промовираната политика и посочување на субјектите односно носителите на таа зацртана политика.

Почитувани колеги, иако во однос на ромската заедница, Република Македонија има направено значителен позитивен исчекор во однос на другите држави, сепак во спомнатиот контекст таа не е исклучок. Имено, недостатокот од конзистентна и координирана политика за да се излезе во пресрет на специфичните потреби, резултираше со негативни последици кои се манифестираа во секојдневниот живот на Ромите. Но, важно е да се нагласи дека со прифаќањето на Стратегијата за Ромите Владата покажа волја и решеност да го намали постоечкиот јаз меѓу ромската заедница и мнозинското население и на тој начин да промовира вистинско мулти-културно општество.

Република Македонија следејќи го правецот на политичкиот курс зацртан од државите на Европската унија се придружува кон земјите кои покажаа подготвеност за изработка на ваков стратешки документ кој промовира принцип на активна заштита на правата на Ромите. Со тоа не само што ваквиот курс е морална обврска за државата, туку и грижата за Ромите е нејзина законска регулирана должност. Грижата на државата упатува на должност да се почитуваат наведените права преку соодветна легислатива, но и да се обезбеди нивна институционална заштита преку административни и други мерки кои се неопходни за потполна реализација на прокламираните права.

Оттука, изготвувањето на Стратегијата за Ромите во Република Македонија,произлегува од нејзината аспирација за членство во Европската унија, за кое членство е потребна изградба на сеопфатна политика за развој на Ромите, усогласена Копенхагеншките критериуми за пристап кон Европска унија и бројните други документи на Европската унија кои дирекно се однесуваат на Ромите,како што се:

Агендата 2000 од 1997 година; Сиосииен принципите од 1999 година како и политиката на Европската унија за вработување, утврдени на самитите во Амстердам и Луксембург во 1997 година и социјалните политики утврдени на самитите во Лисабон и Феира во 2000 година.

Сите овие документи упатуваат на конкретна акција и приоритетни мерки со цел да се излезе во пресрет на потребите на ранливата група во која спаѓаат и Ромите.

Ваквата обврска е детерминирана и од Нацрт-препораките на Советот на министри на Советот на Европа, кои ги определуваат мерките кои треба да бидат имплементирани од страна на државите во однос на оваа ромска популација.

Во таа смисла, Република Македонија има задача да имплементира национална, долгорочна,

сеопфатна и кохерентна стратегија за интеграција на ромите во своето општество.

Како што наведува Агендата 2000, потребно е да се постигне траен развој во социјалната, економската и политичкара сфера, а особено да се обезбеди заштита од дискриминација, стереотипност и сегрегација, вклучително и обезбедување на пристојно домување, соодветно образование и здравствени услуги.

Стратегијата на Владата на Република Македонија, решавајќи ги проблемите во овие сфери, се совпаѓа и со напорите на нашата држава за намалување на сиромаштијата воопшто и особено сиромаштијата на Ромите кои се најранлива етничка заедница во Републиката.

Фактите говорат дека сиромаштијата на Ромите е многу повисока отколку на било која друга група и таа се темели на бројни акумулирани фактори кои задираат во историјата, традицијата и нивната перманентна социјална ексклузија.

Реперкусиите од ваквата состојба се манифестираат негативно врз нивото и квалитетот на образованието, пристапот кон јавните услуги, вработување, домувањето, здравството и слично.

Затоа, потребно е промовирање на инклузивна политика која ќе овозможи излегување од постојниот круг на зависност и дискриминација кои детерминираат долгорочно повторување на сиромаштијата.

Иако до сега Република Македонија се обидуваше да изгради стандарди за заштита на етничките заедници кои живеат во неа, сепак кога се во прашање конкретно Ромите, евидентно е отсуството на конзистентна државна политика, како и координација на напорите и ресурсите.

Во изминатиот период постоеја и се реализираа одредени проекти кои се однесуваат на оваа популација но тие напори беа парцијални и не беа во состојба да ги решаваат пробелмите на пошироко ниво.

Во моментот кога Република Македонија го промовира квалитетот на мултикултурно општество и чекори кон евроинтеграцијата, мошне е важно да се покаже волја и ангажираност и охрабрување во дефинирањето и примената на статешките приоритети кои се однесуваат на потребите на Ромите. Од особена важност во овој процес е зголемувањето на капацитетот на претставниците на ромската заедница во политичкиот живот, кое претставува факт што обезбедува поквалитетна повратна реакција и сугестии за политиките кои ќе бидат прифатени за имплементација на оваа Стратегија.

Стратегијата како документ претставува облик на афирмативна акција која се применува без разлика на постојната регулатива и правата кои референраат на заштита на малцинските права. Нејзина главна цел е да промовира јакнење и интегрирање на Ромите во главните општествени и економски текови на Република Македонија преку дефинирање на основните правци за остварување на една осмислена мултидимензионална државн аполитика, која ќе служи како приоритетна основа врз која ќе се надоврзуваат конкретните проекти кои ќе третираат одредени нејзини сегменти. Истовремено, Страгегијата треба да одговори на реалните потреби, проблеми и приоритети на Ромите и да воведе избалансиран и одржлив пристап при комбинирањето на зацртаните цели, во сообразност со легално загарантираните човекови права и политиката на државата. Мирната коегзистенција, но и интеграција со мнозинството ќе се обезбеди преку целосно подобрување на социјалната позиција на ромската заедница, овозможување на еднаков пристап кон постојните можности, афирмирање на принципот на позитивна дискриминација и развивање на идентитетот и културата на Ромите. Единствено мултидимензионалноста во пристапот при креирањето и реализацијата на Стратегијата може да го гарантира нејзиното успешно имплементирање.

Почитувани пратеници, Република Македонија беше единствената држава во нашето најблиско соседство која сеуште немаше усвоено Национална стратегија за Ромите, чие поседување на ваков документ не беше од интерес само за ромската заедница во Република Македонија, туку е и дел од критериумите за нејзино вклучување во Европската унија. Од овие причини, на почетокот на минатата година, започнаа првите активности за подготовката на Националната стратегија за Ромите. Носител на активностите е Министерството за труд и социјална политика, кое во исто време е и носител на активностите за подготовка на националните акциони планови за меѓународната иницијатива Декадата за Ромите 2005-2015 година.

Бидејќи подготовката и изработката на текстот на Националната стратегија бараше стручна подготовка и знаење, Министерството за труд и социјална политика, на почетокот од минатата година ангажира независен експерт кој го подготви текстот на Нацрт-Стратегијата за Ромите во Република Македонија. За време на подготовката се одржаа четири тркалезни маси со релевантни ромски претставници од политички партии и невладини организации со кои заеднички се продискутира текстот, имплементацијата, мониторингот, евалуацијата и финансирањето на активностите предвидени во Стратегијата.

Стратегијата претставува комплексен документ и како таква таа не може да претпостави вклучување само на едно ресорно министерство или само на Владата, туку императив е во нејзиното креирање, во определувањето на стратешките приоритети, како и во нејзината реализација, да учествуваат и претставници на ромската заедница, а со цел да се обезбеди

консензус, широка поддршка и успех во имплементацијата на истата. Впрочем, тоа беше говорено и од ваша страна. Неопходно е поставување на перманентна комуникација меѓу Владата и релевантни претставници на ромската заедница за да се постигне остварување на непосредна артикулација на постојните интереси и нивно успешно инкорпорирање во спроведувањето на замислената политика од страна на државата. Преку тоа ќе се интензивираат демократските процеси во нашата држава, правејќи го процесот на донесување одлуки транспарентен, а финално ќе овозможи Ромите овој документ да го доживеат како свој. Преку сите овие елементи, Стратегијата добива дополнителна вредност, легитимитет и тежина, а со тоа и шанса за поуспешна имплементација. Се очекува дека сите инволвирани учесници на овој начин ќе ја поделат одговорноста за нејзината реализација.

Почитувани пријатели, колеги пратеници, се надевам дека содржината на мојот говор се совпаѓаше со сите ваши идеи и ангажмани во однос на сериозноста на овој документ за кој денес расправаме, по Мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците и по Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

Благодарам за вашето трпение.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мустафа.

Има збор господинот Стојаноски Блаже.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Оваа Стратегија која ја читаме и за која денес расправаме навистина ми дава една сосема различна слика од онаа вчера која што ја слушнавме од страна на министерот за финснсии, господинот Никола Поповски, во контекст на расправата за Буџетот и согласно тоа сметам дека или оваа Стратегија не е напишана како што треба или пак министерот за финансии не ја кажува состојбата онака како што е. Затоа што не треба да се занемари фактот дека во оваа Стратегија е третиран ромскиот народ како дел од народот кој е дефиниран во Уставот, дел од ромскиот народ кој што живее во Македонија, а од друга страна во него се третирани и општите податоци за состојбата на сите граѓани во Република Македонија компаративно со состојбата на Ромите, што значи дека кога човек ја чита оваа Стратегија не му е јасно дали зборува само за Ромите или зборува за вкупното население во Република Македонија, затоа што ако се земе предвид сиромаштијата, здравствените услуги, социјалната состојба, дискриминацијата, степенот на образование и тн., тогаш можеме да забележиме дека процентот кај Ромите е повисок во поглед на овие прашања, меѓутоа, состојбата во овие области во Република Македонија не е за пофалба.

Затоа, најпрво сакам да почнам со степенот на образованието, што влијае директно и врз процентот на невработеност, како што се зборува во оваа Стратегија. Сметам дека тоа е еден од факторите кои влијаат во процесот на вработување на секој граѓанин во Република Македонија, вклучително и на граѓанинот припадник на ромската заедница, меѓутоа, сметам и тоа дека ова не претставува пресуден фактор, односно факторот од кој единствено зависи работното ангажирање на поединецот. Заради тоа, сметам дека оваа Стратегија требало да опфати и други елементи, кои се опфатени во контекст на социјалната заштита на Ромите и на вкупното население во Македонија, а од друга страна, податоците кои се наведени во оваа Стратегија доволно зборуваат за тоа во каква држава живееме, каква е социјалната состојба на граѓаните на Република Македонија, вклучително и на Ромите и каков е степенот на образование и можностите за нивен развој. Така, во Стратегијата е наведено, според пописот во 2002 година, од населението кое во Републиката е постаро од 60 години 63.562 лица или 3,6% се официјално неписмени, од кои кај жените има 5,5% неписменост, а кај мажите 1,7%. Без образование се 67.358 лица, а со недовршено образование, што претставува навистина загрижувачки податок се 219.507 лица. Овие податоци се однесуваат на целокупното население на Република Македонија, а во контекст на состојбата во однос на Ромите се смета дека само едно од 10 ромски деца завршува основно образование. Други податоци зборуваат дека 24% од Ромите постари од 25 години се неписмени и дека половина од Ромките се неписмени, значи секоја втора. Податоците во Програмата за развој на образованието од 2005 до 2015 година прикажуваат исто така алармантен тренд, бидејќи процентот на лица без образование или со незавршено оснвно образование на национално ниво е околу 14%, додека процентот на оние со завршено основно образование е 35%. Ако ги собереме овие два проценти, излегува дека половина од населението во државата има ниско ниво на образование или пак е неписмено. Се смета дека само 20% од Ромите кои завршуваат основно училиште го продолжуваат своето школување во средно училиште, а вкупниот број на студенти Роми, што до сега претставувало најголем број е актуелниот број, а тоа е 134. По својот неформален Извештај за состојбата со човековите права во Република Македонија, претставници на граѓанскиот сектор изјавиле дека околу 10 илјади Роми го немаат решено прашањето со државјанството. Ова го зборувам од аспект на сите оние извештаи, сите овие наводи од страната на Владата што се даваат за состојбите во оваа област и за решавањето на проблемот со донесување на Законот за државјанство и други проблеми, меѓутоа, ова

покажува нешто друго дека во Република Македонија и во контекст понатаму на изборниот процес, на создавањето на проблеми и тн., остварувањето на правото да избира и да биде избран и од страна на Ромите, може да се вршат големи злоупотреби, затоа што бројката од 10 илјади Роми кои го немаат регулирано прашањето со државјанство навистина може да претставува проблем во однос на сите овие прашања.

Кога зборуваме за здравствената состојба, статистиката покажува дека ромското население во Република Македонија во просек има помлада популација во однос на просечната старост во земјата. Заради различните стапки на наталитет и морталитет во однос на националниот просек, ромските деца имаат поголем, а постарите лица помал удел во сопствената група, со тоа што репродуктивноста кај Ромите е два пати поголема во однос на просекот во Републиката, но и морталитетот кај децата е два пати поголем отколку кај другите етнички групи. Некои податоци зборуваат дека 23% од Ромките раѓаат во домашни услови и проценка е дека околу 4% од новороденчињата не се воопшто регистрирани. Тоа навистина зборува за односот на оваа етничка заедница кон обврските кои што ги имаат согласно законите во Република Македонија, меѓутоа и во контекст на ефикасноста на јавната администрација, на државните органи во регулирањето на овие проблеми.

Кога зборуваме за здравствената заштита, вредно е да се истакне уште податокот дека 81% од децата Роми се вакцинираат редовно, а 19%, што навистина претставува голем процент, тоа го вршат нередовно.

Тргнувајќи од сите овие податоци кои што ги кажав во контекст на образованието, степенот на образованието и неговото влијание врз вработувањето и здравствената состојба, многу е важно и за нас и за македонската јавност да се слушне како изработувачот на оваа Стратегија, која што еве слушнав дека сите ја поддржуваме, ја оценува актуелната состојба во Република Македонија во контекст на актуелната состојба на социјален план, која што ја имаат и припадниците на ромската заедница. Така во неа е наведено. Бавната транзиција...

**Слободан Најдовски:** Господине Стојаноски, јас се извинувам што ќе ве прекинам, можеби вие дојдовте подоцна откако започна седницата, но дневниот ред е од поодамна доставен. Ние имаме точка на дневен ред Мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците за Стратегијата на Ромите во Република Македонија. Ние расправаме по Мислењето на Комитетот, кое ви е доставено. Би ве замолил, со оглед на тоа што Стратегијата е објавена, Стратегијата е расправана на многу собири кои се одржале во Република Македонија, да се задржиме само на Мислењето, она што е точка на дневен ред. Нема проблем ако сакате да поставите точка за информација за Стратегијата, кога би расправале за Стратегијата и тоа е во ред. Сега би ве замолил да дискутираме само за Мислењето, онака како што е предлогот на точката на дневен ред и да се придржуваме до прашањето што е на дневен ред.

Продолжете.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам потпретседателе.

Мислењето на Комисијата се однесува и на социјалната состојба во која се наоѓаат Ромите и оттука произлегуваат сите оние проблеми кои се дискутирани и на самата Комисија, кои се однесуваат на ромската заедница. Ако целта е побрзо да се заврши дискусијата, тоа е друго прашање, меѓутоа, ако сметате дека...

**Слободан Најдовски:** Воопшто не е целта побрзо да се заврши дискусијата. Целта е да се дискутира по она што е овде на дневен ред, а тоа е Мислењето на Комитетот.

Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам.

Согласно Мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците, состојбата во која се наоѓа ромската заедница во Република Македонија е онаква или слична на општата состојба која ја има во Република Македонија, а во која како главни проблеми се истакнуваат невработеноста, сиромаштијата, социјалната несигурност, проблемите кои се однесуваат на степенот на образование на припадниците на ромската заедница, како и останатите проблеми кои ги има Република Македонија како држава, во поглед на корупција, неефикасност на институциите на системот, проблеми во областа на судството, кои директно влијаат врз општата состојба на Ромите во Република Македонија.

Имајќи го предвид социјалниот аспект на оваа состојба која директно има влијание врз можностите за вработување и за социјализација, ако може така да се нарече, на припадниците на ромската заедница, мора да се истакнат оние елементи кои придонеле за таквата состојба на ромската заедница во Република Македонија, а тоа е пред се она што претставува бавна транзиција, лоша економска состојба на државата, голем број на невработени, кои дополнително ја влошуваат оваа егзитенцијална состојба во која се наоѓаат голем број на Роми во Република Македонија. Бавната приватизација на големите стопански капацитети доведе до отпуштање на поголем број од вработените и ова секако ги погоди и Ромите кои беа вработени на работни места кои бараат неквалификувана работна сила, а во услови кога не се отвораат нови работни места, армијата на невработени се зголемва, можностите за нови вработувања се редуцирани и сведени на минимум. Во вакви услови, месечната социјална помош, што ја прима релативно големиот број ромско население, е единствениот извор на приходи со кои тие располагаат. Значи покрај оваа социјална помош, како главни извори на приходи на ромската

популација, кои директно влијаат на статусот на припадниците на ромската заедница во Република Македонија, се сметаат и приходите кои произлегуваат од работата во неформалниот сектор, и тоа ситната трговија, сивата економија, одржување на хигиената, работа по куќи, како и сезонската работа.

Податоците од 2003 година укажуваат дека од вкупниот број на домаќинства во Република Македонија кои примаат социјална помош, а тоа изнесува 64.500, повторно околу 12% се семејства кои и припаѓаат на ромската заедница, односно во бројка околу 7.700 домаќинства. Ромските граѓански организации проценуваат дека околу 85% од Ромите се корисници на социјална помош. Компарацијата на нештата кои граѓаните во Република Македонија можеле да ги купат во 2004 година во однос на 2003 година покажуваат натамошен тренд на осиромашување на населението, вклучувајќи ги и Ромите. Значи поразителен е фактот...

**Слободан Најдовски:** Господине Стојаноски, овде ќе ве прекинам по втор пат да ве опоменам само со една цел, да се држиме до Деловникот. Ова што вие сега го читате, таа Стратегија ја имаме сите добиено како пратеници, таа е објавена во медиуми, таа Стратегија ја има во сите други документи и ќе ве молам, по втор пат ве опоменувам, придржувајте се до она што е точка на дневен ред. Или имате дискусија, или тоа што вие го читате сите ние го имаме, го има објавено во јавноста.

**Блаже Стојаноски:** Добро, зарем социјалната состојба на Ромите не е тема на дискусија.

**Слободан Најдовски:** Немојте да ми кажувате. Ако ви е целта дека не сакате да дојдеме до другите точки на дневен ред, ќе ја прекинеме седницата, кажете, ќе работиме и утре.

(Реакции од некои пратеници).

Ве молам, немојте од место да дофрлувате, вие немате ништо со водењето на седницата.

Сакам да ви укажам да не го читате она што го има целата македонска јавност. Или дискутирајте по точката што е на дневен ред или ќе ве прекинам. Веќе втор пат ве опоменувам, согласно Деловникот.

Продолжете со дискусија по Мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците за Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

**Блаже Стојаноски:** Ако Мислењето не се однесува на социјалната состојба во која се наоѓаат Ромите во Република Македонија и ако овие податоци за кои зборувам сметате дека не се тема на дискусија, тогаш јас не знам дали треба посебно да се зборува за бездомништвото, талкањето по улиците и просјачењето, малолетничката деликвенција, потоа алкохолизмот, трговијата со деца и тн., кои претставуваат директни состојби кои се предизвикани од социјалната состојба во која се наоѓа ромската заедница во Република Македонија. Ако не треба да зборуваме за потребата од донесување на законски рамки за намалување или отстранување на дискриминацијата по разни основи во Република Македонија, тогаш и во тој случај јас сметам дека тоа треба да биде тема на оваа дискусија затоа што потребата од недискриминација се однесува и на ромската заедница, меѓутоа, се однесува и на разни други категории на граѓани.

Од сите работи кои досега ги кажав, а имајќи предвид дека во Република Македонија се зголемува и бројот на сиромашни лица, се зголемува и бројот на невработени лица и се намалува можноста за нивно активни ангажирање, а имајќи ги предвид условите што ги има Република Македонија на економски план да направи некој покрупен чекор кон општата состојба и во областа на здравството и во областа на образованието, па и во областа на социјалната заштита, а пред се во областа на економското раздвижување во Република Македонија, сметам дека ромксата заедница и понатаму ќе ги зачува овие трендови, покрај ваквата стратегија и покрај ваквото мислење на Комисијата за односи меѓу заедниците, затоа што мислењето на Комисијата не може да претставува начин за решавање на проблемите на ромската заедница во Република Македонија. Тие проблеми се нераскинливо врзани со општата состојба на сите граѓани во Република Македонија и ова што го наведуваме овде за ромската заедница само е поизразено од колку она што го имаат најголемиот дел од граѓаните државјани на Република Македонија, а кое се однесува и на нивната социјална несигурност и на сиромаштијата и на сите други проблеми со кои се соочуваат, бидејќи само процентот дека 34% од вкупното население во Република Македонија купуваат само егзистенционални добра, а еден добар дел околу 20% од нив не можат да си обезбедат ниту егзистенционалните добра за тековно одржување на нивната егзистенционална сигурност, доволно зборува за состојбата и во Република Македонија и за можностите за решавање на проблемите со кои се соочуваат ромите во оваа држава.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Повелете господине Рахиќ имате три минути реплика.

**Есад Рахиќ:** Благодарам.

Се јавив само со неколку збора да го кажам мојот личен ства.

Се што е носење на законска регулатива со што ќе се подобри живеењето на нашите сограѓани роми и останатите, максимално го подржувам. Меѓутоа иритиран сум од лажното душебрижништво каде три часа овде ни држат говоранција луѓе, дека ромите биле хендикепирани во однос на економската ситуација, дека биле малтретирани, дека била

изразена проституцијата кај нив итн, а истите луѓе немаат престава, барем повеќето од нив не знаат каде живеат ромите и како живеат. Јас би им препорачал да отидат во Шуто Оризари, како посебна општина на ромите, да видат нивните и нашите сограѓани како живеат. Ако ова е мислење со кое се подржуваат мерките што Владата, заради декадата на ромите, што е направено на барање на Меѓународната заедница за подобрување на стандардот на најминолизираната група во светот, да го направи, тогаш не знам зошто ние 3-4 часа расправаме и држиме говоранција. Ромите во овој парламент имаат претставник, тој најдобро ја знае и пластично ни ја опиша состојбата. Дајте да го усвоиме тоа што Владата го бара и на тие луѓе вистински да им помогнеме, а не сега да правиме предизборни пропаганди и трикови и да кажуваме дека сите сме загрижени. Ако е така јас предлагам денешните 800 денари да ги дадеме сите во еден фонд каде, на пример на едно дете ромче што е без родител, ќе му се најдат да отиде на пример на одмор во Отешево.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рахиќ. Секој има право на свое мислење.

Три минути реплика за пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, јас ќе реплицирам прво на почетниот дел, сосема непотребно кога сите политички партии застануваме за оваа стратегија, зад овој концепт, некако во кодот на опозицијата е влезено дека мора да каже нешто негативно и сосема непотребно. Сосема непотребно и невистинито колегата Стојаноски го спомна министерот Поповски дека имал различен став .

Во интерес на јавноста јас морам да го демантирам господинот Стојаноски и да го повторам тоа што вчера господинот Поповски го кажа а тоа е следното: "за квалитетно изработената стратегија и подршка што ја доби комплетно од Владата оваа стратегија, амандманот се однесуваше на дополнителна надокнада на изработувачите на стратегијата". Тоа нема врска со содржината и со концептот што е внатре во стратегијата. Затоа да не даваме невистините информации во јавноста и да не се обидуваме да дадеме некаков погрешен ток на целата работа. Коментарот на господинот Стојаноски е исто како сега да кажам јас, тоа што вечера не утепаа јадење комарци вчера дека Трифун Костовски е крив за тоа. Врска нема. Тука сме да дадеме подршка на стратегијата и да не правиме непотребен политички маркетинг.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Една минута контра реплика пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине Макрадули не може министерот за финансии да дава подршка на Стратегијата , а да не дава подршка на концептот што е наведен во самата Стратегија.

Јас ќе ве упатам на точката 5 од заклучоците што ги има донесе Владата на Република Македонија каде вели ги задолжува сите министерства од својот буџет за 2005 година, да издвојат средства наменети за имплементација на националните акциони планови на Декадата и стратегијата за ромите на Република Македонија. Секое министерство од својот буџет, без дополнителни средства од Буџетот на Република Македонија , како специјално остварување на оваа Стратегија, треба да си одвои средства. Тоа не претставува подршка, туку зборува за она што го кажуваше господинот Рахиќ, а само декларативно се кажува дека ние даваме подршка заради Декадата на ромите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Има збор пратеникот Ванчо Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас како член на Земјоделската народна партија сакам да изразам подршка за Националната стратегија за ромите.

Се согласувам дека ромите се етничка заедница што можеби се најсиромашни во Република Македонија и може да се каже дека имаат најтежок живот. Дали тоа е поради тоа што се роми, или е некоја друга причината или дали е тоа поради тоа што е етничка заедница која до сега во Република Македонија и за време на бивша Југославија ги имала сите права како и останатите граѓани во Република Македонија, а сепак имаат толку многу проблеми. Причините за тоа јас ги гледам многу подлабоко. Мислам дека проблемите на ромите доаѓаат од самите нивни водачи, лидери на ромите кои ги прават тие проблеми во годините наназад и дека ромите се искористуваат како етничка заедница за политички цели во изминатите години, без да си го најдат своето место во општествениот живот.

Она што е потребно ромите како етничка заедница да бидат корисни за Република Македонија и да си го најдат своето место во општеството, пред се на образованието и еманципацијата. Тука треба да се насочи целата стратегија. Само така можеме да и помогнеме на оваа етничка заедница. Користејќи ја нивната необразованост и непознавања, нивните водачи, лидери манипулираат со нив со години наназад и ги доведоа во една ситуација во која се сега да бидат важни само за време на изборите. Кога ќе дојдат избори тогаш ромите се интересна етничка заедница.

Факт е дека Република Македонија, ако погледнеме од аголот на сиромаштијата, наместо ние ромите да ги приближуваме и да живеат поубаво и побогато, сите останати етнички заедници дури и мнозинскиот народ, македонците, ги приближуваме кон ромите и тие

се посиромашно живеат. Така што сега не се знае кој е посиромашен во Република Македонија. Имаме ние и наши македонци кои се мнозински народ во Република Македонија, кои се хранат од контењери, кои немаат покрив над главата и кои живеат од ден за ден. Затоа мое мислење е дека во делот на сиромаштијата, ако разговараме, треба да имаме национална стратегија за сиромаштијата во Република Македонија , посебна стратегија каде ќе бидат вклучени сите граѓани на Република Македонија, не само ромите и сите, како што во Уставот е напишано дека се еднакви сите граѓани на Република Македонија, така што сите да имаат можност да влезат во таа Национална стратегија. Сум за национална стратегија за еманципација и образование на ромите. Тука треба да направиме многу. Само на тој начин ќе успееме да влијаеме на решавање на сегашната ситуација што ја имаме во Република Македонија, искористување, уште еднаш ќе повторам на ромите за политички цели и нивна еднократна употреба, за време на избори.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Три минути реплика за пратеникот Неждет Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Јас навистина немав желба, после мојот говор што сметав дека претходната подршка што ја добив од почитуваните колеги, заслужува да се затвореше дискусијата со мојот говор, но сега сум во една сомнителна позиција, дали сега тука правиме фолклор со подршката кон Стратегијата на ромите , дали навистина вие од се срце сакате да ги подржувате ромите.

Зачудувачки е фактот почитуван Стаменков тоа што рековте дека ромските лидери ги злоупотребуваат ромите. Јас не знам, во источна и во западна Македонија кој ги купува гласовите на ромите за време на изборите, кој им дава брашно, како ги лажат ромите за време на изборите дека ќе им градат канализации, улици, осветлување. И те како се купува ромската моќ. Мислам дека тоа од ваша страна е многу несериозно и невкусно, не почитувајќи ја ромската заедница со вашиот несериозен однос.

Сакам уште еднаш да потенцирам дека за Република Македонија е сериозна грижа ромската заедница во однос на сиромаштијата, како најранлива група. Дефакто дека Република Македонија се наоѓа во таква економска криза, но и дефакто се оправдува и економската ситуација на ромите која е најмизерна.

Морам да ви признам господине Стаменков дека ме оставате со сериозно разочарување, тоа е веќе ваш став. Најмалку се надевам дека и понатаму и со Стратегијата ќе направите фолклор.

**Слободан Најдоски:** Повелете господине Стаменков, една минута контра реплика.

**Ванчо Стаменков:** Колегата Неждет Мустафа кој е претставник на етничката заедница роми во Парламентот на Република Македонија , јас не го спомнав како еден од лидерите кој учествува со манипулација со гласовите. Јас спомнав дека водачите на ромските партии, тие се најголемите виновници за состојбата на ромите, а да не ја префрла топката на другата страна, виновникот да го бара кај мене како Ванчо Стаменков. Нека се погледнат самите себе и ќе видат дека кај нив лежат проблемите.

Ромската заедница во Република Македонија , додека има такви лидери нема да оди напред.

**Слободан Најдоски:** Благодарам господине Стаменков.

Три минути реплика за претставникот на Министерството за труд и социјална политика, заменикот Самка Ибраимовски.

**Самка Ибраимовски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани пратеници, благодарам на вашите дискусии, позитивни, негативни.

Многу ме радува, како претставник на Министерството за труд и социјална политика и како носители на овој комплексен стратешки документ, ќе бидам краток, би сакал да се заблагодарам на сите политички партии, бидејќи еден од предусловите за исполнување односно реализирање на оваа стратегија е консензусот на сите релевантни политички партии во Република Македонија, а како што слушнав од сите дискутанти тука, мислам дека главниот предуслов за добивање на посебна тежина на Стратегијата и легитимитет е подршката на сите релевантни политички партии што се во Парламентот односно во Република Македонија.

Посебно сакам да кажам дека ромската стратегија е документ на кој не може да биде носител само нашето министерство, туку треба заеднички, сите ресорни министерствоа, Владатан на Република Македонија, сите политички партии, политички субјекти и здруженија, невладини организации, би имале една поуспешна реализација на оваа декада.

Ме радува тоа што ќе се постигне еден консензус да може оваа стратегија да оди понатаму односно да добие виза и од Парламентот на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го подржува Мислењето и предлозите на Комитетот за односи меѓу заедниците, оценувајќи дека предлозите се во функција на остварување на определбите, препораките и активностите зацртани во Стратегијата за ромите во Република Македонија, а со чија реализација ќе се придонесе за подобрување на општата положба на ромите во Република Македонија .

2. Овој заклучок, со Мислењето и предлозите на Комитетот и стеногравските белешки од седницата на Собранието, да се доставаат до Владата на Република Македонија, до Министерството за труд и социјална политика и до Министерството за финансии.

Пред да преминеме на гласање, ги повикувам пратениците кои се во Собранието, да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 105-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 17,00 часот)